

# ТИТАНИК

## дали сме ние на ред?

## Нешто не е во ред со нашиот свет

Сакам да ви раскажам сторија за еден ученик во основно училиште кој едно попладне ја работел својата домашна задача. Бидејќи имало потреба од добар увод, момчето се упатило кон мајка си која приготвувала вечера во кујната. Без многу премислување, како гром од ведро небо, прашало: „Мамо, како сум се родил јас?“ Мајка му очекувала еден ден нејзиниот син да ѝ постави вакво прашање за потеклото на човекот, но во овој миг воопшто не била подготвена да разговара за птиците и пчелите. За да се реши од него, му одговорила со познатата крилатица: „Те донесе штрк!“

Момчето потоа се упатило во дневната соба каде што ја нашло својата баба зафатена со плетење. Повторно, без двоумење, го поставило прашањето: „Бабо, како се родила мама?“ Баба му, која му припаѓала на остатокот на викторијанскиот период, не сакала опширно да одговара на вакво прашање, па веднаш рекла: „Сине мој, мајка ти ја донесе штрк!“ „Но, бабо“ - било упорно момчето - „како си се родила ти?“ „И мене ме донел штрк!“ - одговорила баба му.

Откако ѝ заблагодарило, момчето се вратило на работната маса, го зело моливот и почнало да пишува увод за својата задача: „Во нашето семејство веќе во три поколенија немало нормално раѓање!“

Сигурно на нашата планета веќе долго немало нормално раѓање! Нешто се случува со човечката цивилизација во последните часови од овој век. Секако, во некои делови од нашиот свет и во некои општествени слоеви денеска привидно е подобро отколку кога и да е порано. За некои и денеска цутат трендафили. Сепак, зар не е чудно што ние не сме поинакви од патниците на Титаник, кои безгрижно патуваат под величественото полноќно ѕвездено небо, опиени од звуците на музиката и кои не го наслутуваат злото што ги очекува во темната ледена ноќ?

## Дали сме ние на ред по Титаник?

Светот буквално ја загуби паметта поради филмот „Титаник“! Овој филм на Џеимс Кемерон (James Cameron) до сега стана најголема филмска сторија. Во Мексико е прогласен за најгледан филм, а исто така и во Соединетите Американски Држави, во Словачка, Франција, Русија, Кина, Кореја и во многу други земји. Во Кореја илјадници луѓе чекале во ред од 7 часот наутро за да купат билет за претставата. Титаник е прв филм во историјата на кинематографијата чијшто

вкупен приход надминал 1,5 милијарда американски долари. Никогаш до сега ниту една филмска музика не е толку бргу распространета како музиката на овој филм. Песната „Моето срце и понатаму ќе живее“ веднаш стана хит насекаде во светот. Откако Титаник доби единаесет Оскари, и со тоа стана филм со најголем број постигнати признанија, веб страниците на филмската компанија Перамаунт Пикчер (Paramount Pictures) имаат повеќе од шест милиони посетители дневно.



За некои и денеска цутат трендафили. Сепак, зар не е чудно што ние не сме поинакви од патниците на Титаник?

Можеби толку големата популарност на Титаник произлегува од фактот што филмот стана своевиден злослутен знак на нашето време? И навистина, во таа смисла филмот го одразува денешното време повеќе отколку што сме свесни за тоа. Страшната катастрофа на бродот настанала за време на неговото злокобно патување во 1912 година, еден час пред полноќ, на мирно море и тивка ѕвездена ноќ, додека зачаденото одделение на првата класа, сместено под дрвената палуба, одекнувало од заносна музика, танц, игра и бучна смеа. Некои, безгрижни и опиени, се веселеле повеќе отколку што е вообичаено. Меѓу нив се наоѓале најбогати и најпознати луѓе, пловејќи заедно таа кобна вечер на бродот што „ништо не можело да го загрози“. „Ни сам Бог не може да го потопи Титаник!“ - се фалеле некои офицери непосредно пред тој да исплови од англиското пристаниште Саут Хемптон (South Hamton). Дури и градителите и сопствениците на бродот свечено се колнеле дека ова ремек-дело



**„Ни сам Бог не може да го потопи Титаник!“** - се фалеле некои офицери непосредно пред тој да исплови од англиското пристаниште Саут Хемптон.



Додека оркестарот ги забавувал патниците во првата класа, никој и не наслутувал дека во северните ледени води ги очекува најголемата трагедија во историјата на бродарството.

на бродоградбата е неуништливо. Впрочем, овој брод имал 16 непропустливи одделенија внимателно составени во големо, 300 метри долго челично тело. „Кога случајно и четири одделенија би пропуштиле вода, сè уште Титаник би продолжил сигурно да плови“ - тврделе тие. „Ниту сам Бог не е во состојба да го потопи Титаник“ - се фалеле некои, смешкајќи се.

Поради ваквото чувство на сигурност, Титаник, последниот збор на науката и техниката, бил пополнет до последно место за своето прво патување до Њујорк. Освен богати, на него патувале мнозина од понизките општествени слоеви. Сите општествени сталежи биле застапени додека влегувале сè подлабоко во утробата на бродот. Таа кобна вечер, на 14 април 1912 година, 2.235 души ја наполниле внатрешноста на Титаник.

И така, додека оркестарот ги забавувал патниците во првата класа, никој и не наслутувал дека во северните ледени води ги очекува најголемата трагедија во историјата на бродарството. Бродот спокојно ги сечел брановите на леденото море кога, според зборовите на преживеаните, се почувствувал незначителен потрес кој само нежно го затресол 300 метри долгото пловило. Никој, освен екипажот вработен на заповедничкиот мост, на ова не му придавал посебна важност. Титаник на едната страна бил распорен од подводен дел на леден брег. Стружејќи се со својот бок на подводното сечило на ледникот, по целата должина на бродот се отворила навидум незначителна пукнатина. Слично на ноже за отворање конзерви, сечилото на ледената санта го распорило бокот на Титаник и бродот задобил смртна рана.

Би сакал да поделам со вас дел од записот на бродскиот офицер Лајтолер (Lightoller) кој, заедно со неколку други офицери, го преживеал бродоломот прилепен за еден превртен чамец за спасување.

„Пливајќи така во мракот, кога ја препознав околината, веќе бевме околу 50 метри оддалечени од бродот... Светлата на палубата на

Титаник уште светеа. Сè уште изгледаше величествено, онака црн и голем, опкружен со илјадници светилки како ѕвезди, што уште се наѕираа на делот кој беше над водата. Од предниот дел, па сè до вториот оџак, бродот веќе беше наполно нурнат во водата. Додека ја гледавме оваа застрашувачка сцена, одеднаш сите светла се угасија и остатокот од џиновското чудовиште остана завиткан во темнината на ноќта, чиишто контури сè уште јасно се наѕираа.

Веќе во следниот миг големите бојлери излетаа од своите лежишта и со застрашувачки тресок ги пробија преградите, носејќи пред себе сè што им стоеше на пат. Оваа голема несреќа, што се одигруваше токму пред нашите очи, сега бргу се ближеше кон крај. Џинот се издигнуваше со предниот дел така што кормилото и другите делови јасно се гледаа над површината на водата сè додека на крај бродот не заседе совршено вертикална положба. Во таа застрашувачка положба тој остана околу половина минута. А потоа, достоинствено, Титаник тивко и за последен пат се нурна за да го најде своето конечно почивалиште во недостапните длабини на студениот Атлантски Океан.



„Мнозина и таа ноќ ќе ја преживееја, а мнозина и подоцна би се чувствувале многу подобро кога би решиле да ги избришат од умот тие ужасни мигови или да му препуштеле на времето да го избледи чувството на оваа страшна трагедија.“

Слично на молитва, се слушна воздишка од сите крај мене што се држеа за превртениот чамец: 'Исчезна!'

За среќа, сцените што уследија беа обвиени со густа темнина. Во мртвата ноќна тишина мошне јасно се распознаваа гласовите на давениците наоколу. Не би имало смисла сега да се опишуваат сите тие гласови што не е можно да се заборават. Никогаш не сум си дозволил себеси премногу да размислувам за нив. Мнозина и таа ноќ ќе ја преживееја, а мнозина и подоцна би се чувствувале многу подобро кога би решиле да ги избришат од умот тие ужасни мигови или да му препуштеле на времето да го избледи чувството на оваа страшна трагедија“ (The Story of the Titanic as Told by its Survivors, pp. 299-300).

Непосредно пред да осамне ден, Титаник потонал. Од 2.235 патници, 1522 нашле смрт во мрачните морски длабини - главно мажите и патниците од третата класа и поголемиот број од бродскиот персонал, како и сите членови на оркестарот. Спасени се само 713 патници.

## Титаник - споредба со времето на прагот на новиот милениум

Титаник е повеќе отколку сторија за љубовта и смртта на вљубените Кејт Винслет и Леонардо Дикапри (Kate Winslet i Leonardo DiCapriy). Титаник е предупредување од највисок ред, речиси пророчки знак за злослутната несреќа која, слично на меч, виси над нашиот свет непосредно пред новиот милениум. Слично на Титаник, нашата цивилизација брзо чекори низ ноќта кон неизбежната судбина, многу пострашна од онаа што се случила во 1912 година. Секако, постои извесен напредок во многу области - во науката, техниката, медицината, напредок во квалитетот на животот... Но, под површината на нашиот напредок, сечилото што го распорило Титаник сега ја отвора утробата на нашата цивилизација. Економските, политичките и еколошките заштитни прегради не се ниту приближно сигурни од налетите на водата, како што ние често сме подготвени да веруваме. Сè што е потребно, тоа е една глобална катастрофа и бродот на нашиот свет ќе исчезне под водата.



Титаник е повеќе отколку сторија за љубовта и смртта на вљубените Кејт Винслет и Леонардо Дикапри

Некои шепотат: „Мир, сигурност, напредок!“ Сепак, не можам да се ослободам од древното пророштво запишано во древната Книга: „Кога ќе велат: 'Мир и безбедност!', тогаш ненадејно ќе падне погибел врз нив, како породилни маки... и не ќе можат да побегнат“ (1. Солуњаните 5,3). Таа гибелна вечер, непосредно пред несреќата, на еден од сопствениците на компанијата Вајт Стар Лајн (White Star Line) му била врачена од блискиот брод порака дека Титаник оди во пресрет

на ледени санти. Меѓутоа, овој сосопственик на бродската компанија не му обрнал внимание на предупредувањето, ја свиткал пораката, ја ставил во внатрешниот џеб на своето палто и им се придружил на другите во забавата.

Мир и сигурност; може ли нешто да тргне наопаку? Дали нашата цивилизација се забавува вечерва под палубата на бродот што плови кон непосредна трагедија? Зар е можно предупредувањето што сме го примиле да нè избави од катаклизмичкиот крај.

## Библијата кажува дека ние не мораме да бидеме следните!

Сакам вашето внимание да го насочам кон Книгата што предизвикува повеќе отколку обично љубопитство, еднакво и меѓу скептиците и меѓу верниците. Таа тврди дека, наспроти сличноста на нашиот свет со Титаник, ние не мораме да бидеме следните на ред. Се вика Апокалипса, односно Откровение. Станува збор за последната книга на Библијата. Без оглед дали вие верувате во Бога или не, дозволете му на својот ум да ја сфати нејзината порака, за да не бидеме ние следните.



Таа гибелна вечер на еден од сопствениците на компанијата Вајт Стар Лајн му била врачена од блискиот брод порака дека Титаник оди во пресрет на ледени санти.

Погледнете во Откровение 14,6.7: „Видов и друг ангел како лета среде небото, кој имаше вечно евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата, на секој народ, племе, јазик и род. Тој изговори со силен глас: 'Бојте се од Бога и подајте му слава, зашто дојде часот на неговиот суд, и поклонете му се на Оној кој ги создаде небото и земјата, морето и водните извори!'"

Има ли тука нешто ново? Во времето кога ангелите станале обична работа, тешко е да се забележи каква било новост во овој апокалиптички цитат, кој опишува некаков ангел кој лета среде полнојќното небо со итна порака која, како со мегафон, ги повикува земните жители! Во што се состои итноста и посебноста

на оваа порака? Треба да прочитаме Откровение 14,14-16. „Потоа погледнав и видов бел облак, а на облакот седеше Еден, сличен на Син човечки, со златна круна на главата и со остар срп во раката. И еден друг ангел излезе од храмот и му викна со силен глас на Оној кој седеше на облакот: 'Прати го својот срп и жнеј, зашто дојде твојот час за жнеење и зашто е зрела жетвата на земјата.' А Оној кој седеше на облакот замавна со српот на земјата, и земјата беше пожнеана."

Дури и ако не го разбирате апокалиптичкиот јазик на симболите, не е потребно да бидете врвни научници па да заклучите дека овие чудесни стихови го опишуваат крајот на човечката цивилизација, сфаќајќи ја сликата на жетвата во преносно значење. Очигледно е дека Некој се враќа на нашата планета и човечката историја забрзано се приближува кон катаклизмички крај. Затоа е пресудно прашањето: За што станува збор во оваа итна порака? Погледнете го стихот во истата глава, Откровение 14,7: „Тој изговори со силен глас: 'Бојте се од Бога и подајте му слава, зашто дојде часот на неговиот суд, и поклонете му се на Оној кој ги создаде небото и земјата, морето и водните извори!'"

Нели е необично што повикот „Бојте се од Бога" му се упатува на поколението кое „од ништо не се бои"?

Пред четири години мојот син купи три или четири црни и бели маици. На секоја од нив со големи црвени букви беше напишано: „Без страв!" Слично на другите свои врсници, Кирк нема страв. Кога имаше тринаесет години, го посетивме забавниот парк Голема Америка: „Шест знамиња над Атланта". Пред ролеркостерот со застрашувачки изглед, кој со секавична брзина ве врти 360 степени, почна да ме наговара: „Тато, одиме!" Иако не помислував да се впуштам во таква авантура, немав избор заради своето „машко достоинство". Секако, ова е само илустрација за генерацијата која од ништо не се плаши, а на која ѝ се упатува порака од небото: „Бојте се од Бога!"

## Бојте се од Бога и него прославете го!

Треба да се постави прашање: На крајот на краиштата кој е тој Бог? И што кажува тој за самиот себеси? При тоа, кој сака да го запознае Бога кој е Некој од кого треба да се боиме? Веднаш треба да се забележи дека изразот „Бојте се од Бога" е силен јазичен облик што едноставно но уверливо значи: запознајте го Бога сериозно и немојте лекомислено да го отпишете, зашто Тој не е сосед од погорниот кат.

Уште од првите страници на Библијата, Тој ни се прикажува како Творец, како извор и управител на животот и како Оној кој го сака животот на целата вселена па и на нашиот свет. Итноста на повикот од Откровение 14 глава не произлегува од застрашувачката Божја природа, туку од предупредувањето дека мошне бргу ќе се случи нешто сериозно. Со други зборови, тоа е повик сличен на оној од книгата на пророк Амос 4,12: „Приготви се да го сретнеш својот Бог!“

Еден од омилените митови, родени од трагедијата на Титаник, тврди дека членовите на бродскиот оркестар се собрале на палубата на бродот што тонел и до последен миг ја свиреле христијанската песна: „Чуј ме, о Боже мој!“ Заправо тие го свиреле стариот евергрин „Есен“. Сепак, нема причина за чудење, бидејќи сосема е природно да се приготвиме за средба со Бога во миговите непосредно пред да се соочиме со смртта.

Приготви се да се сретнеш со својот Бог! Тоа е порака што произлегува од непосредноста на крајот, слична на митската песна од Титаник, зашто и твојот Бог се приготвува за средба со тебе. Со други зборови, Откровението порачува: „Бојте се од Бога и прославете го, зашто се приближи крајот на сѐ!“

Како и да постапиме, станува збор за итен повик упатен до нашата генерација, која се наоѓа на работ на времето, да го сфати Бога сериозно.

## Порака упатена до генерацијата која копнее за добри меѓучовечки односи

Овој повик Бог го упатува поттикнат од силата на својата љубов кон човекот. Во книгата на пророкот Еремија 9,23.24 пишува: „Кој се фали, нека се фали со тоа што е мудар да ме запознае мене, зашто јас сум Господ кој покажува милост, суд и правда на земјата, зашто тоа ми е мило.“

Чудесно е изворното значење на изразот „запознае“ во овој текст, а и во многу други текстови во Библијата. Тој значи блискост, лично и присно познавање на друго лице. Бог користи изрази со кои сака да ја наслика својата блискост со човекот. Со други зборови, Бог порачува: „Копнеам за човекот. Го молам да ме запознае онака како јас него што го познавам, заедно да уживаме во блиска меѓусебна заедница.“

Ако некогаш постоело поколение што наоѓало смисла во квалитетни меѓусебни односи, тогаш тоа е нашето поколение!

Денешната генерација гладува за некој вид осмислени меѓучовечки односи што би требало за навек да преживеат - дури и зад границите на смртта. Поради тоа, библиската слика за Бога кој повикува: „Приготви се да го сретнеш својот Бог", има пресудно значење.

## *Понуда за пријателство што останува за навек*

Дали овде станува збор за добра или за лоша вест? Секако, станува збор за решителна вест, зашто токму таа подобро од која било вест зборува за меѓусебните односи што траат вечно, дури и по студениот допир со смртта. (Celine Dion) Селин Дион има право - постои блиска поврзаност што трае вечно. Можеби обајцата - древниот црковен учител, свети Августин, и Даглас Купленд (Douglas Coupland) - гуру на денешното младо поколение - се во право. Празнината во длабината на секое човечко срце Августин ја опишал вака: „Нашите срца се немирни сè додека повторно не се смират, Боже, во тебе." Даглас Купленд, пак, во својата книга „Живот после Бога", вели: „Мојата тајна - потребен ми е Бог - болен сум и не можам веќе сам. Потребен ми е Бог да ми помогне да научам да давам, зашто веќе не сум способен да давам, не сум веќе во состојба да бидам човечен; да ме научи да сакам, бидејќи не знам веќе да сакам."

Во секој случај, би сакал да нагласам како среде сеопштиот метеж на нашиот свет се слушаат јасни очајни обиди за пополнување на празнината што се наоѓа длабоко во секој ум и срце. И на еден таков свет, на светот што го отпишал Бога, Тој му упатува итен повик полн со љубов: „Бојте се од Бога и него прославете го!" На нашата цивилизација и на нашето поколение Бог му нуди вечно пријателство преку едноставниот, но сериозен повик: „Приближи се до Бога - запознај ме мене - сакам да бидам твој пријател!"

Писателот А. В. Таузер (A. W. Tozer) кажува: „Изгледот на човечкиот род од темел би се изменил кога сите би поверувале дека живееме под пријателска небесна наклоност, дека небесниот Бог, иако величествен во моќта и славата, сака да биде наш пријател" (Knowledge of the Holy, 89).

# Божји пријател во Исуса Христа

Ако сакаме да го запознаме квалитетот на Божјето пријателство, потребно е само да го погледнеме Исуса Христа. На крај морам со вас да ја поделам најсјајната вистина на оваа книга: Бесконечниот Бог, кој е над бесконечните небесни простори, на нашето поколение му нуди свое пријателство во Исуса Христа.



„Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син, за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен. Зашто Бог не го прати Синот на светот да му суди на светот, туку светот да се спаси преку него.“

Можеби ве изневерило лицето кое најмногу сте го сакале, можеби ве отфрлил вашиот брачен другар, можеби од вас се откажале вашите родители, можеби ве забораviле вашите деца - но во светот со нарушени односи постои Некој кој ви нуди вечна љубов, опкружувајќи ве со пријателство што никогаш не престанува и што никогаш не изневерува.

Уверете се сами читајќи од Евангелието според Јован 3,16.17: „Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син, за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен. Зашто Бог не го прати Синот на светот да му суди на светот, туку светот да се спаси преку него.“ Дали овој библиски цитат Бога го прикажува како некој од кого треба да се плашиме? Во никој случај! Цела Библија зборува за тоа како Бог не е некој од кого треба да се плашиме. Тој е лице со кое треба да се спријателиме.

# Сакате ли навистина да го запознаете Бога?

Еден од неговите најблиски следбеници се осмелил истото ова прашање да му го постави на Исуса ноќта непосредно пред распнувањето. Погледнете го Евангелието според Јован 14,8.9: „Филип му рече: 'Господе, покажи ни го Отецот и ќе ни биде доволно.' Исус му рече: 'Толку време сум со вас и не ме позна ли, Филипе? Кој ме виде мене, го виде и Отецот; тогаш како велиш ти: Покажи ни го Отецот!?'“

Со други зборови, Исус му одговара на Филипа: Погледни го мојот живот, Филипе - Тој е Божја слика. Сè што правам јас, го правам за него!



**Сакате ли да дознаете како се однесува Бог** кон децата, кон жените, даночниците, блудниците и грешниците слични на сите нас? Тогаш погледнете го Исуса и самите ќе ја дознаете вистината за Бога како што го откриваат четирите евангелија: Евангелието според Матеј, Марко, Лука и Јован.

Сакате ли да ја запознаете вистината за овој Бог кој ви нуди вечно пријателство?

Во тој случај погледнете го Исуса онака како што го прикажува Библијата. На пример, сакате ли да узнаете каков е Божјиот однос кон виновникот? Гледајте го Исуса додека градските верски старешини пред нозете му довлечкуваат расплакана млада жена, прељубница, фатена во постела со маж кој не бил нејзин сопруг. Од него бараат да ја каменува според тогашните религиски и општествени закони. Но, знаејќи дека овие луѓе и него и жената сакаат да ги намамат во стапица, Исус не дозволува да се измами. Знаејќи ги побудите на тие високи верски челници, Исус бара од „оние кои се без грев први да фрлат камен“.

Бидејќи нема ниту еден без грев, еден по еден тивко го напуштаат Исуса, оставајќи го сам со прељубницата. Исус тивко ѝ проштава со зборовите: „И јас не те осудувам; оди си и не греши повеќе!“ - порачува осмата глава од Евангелието според Јована, ако сакате да знаете како се однесува Бог кон виновникот.

Сакате ли да дознаете каков е Божјиот однос кон општествено отфрлените?

Обрнете повторно внимание на Исуса додека кон него се тетерави човек болен од лепра (денеска оваа болест можеме да ја споредиме со АИДС), запустен од болест од која сите бегаат. Но Исус не бега. Полн со сочувство и со љубов, ја подава својата рака и со неа го допира болното тело и го исцелува, со што едновремено го чисти од неговата општествена отфрленост.

Ако навистина сакате да дознаете како се однесува Бог кон луѓето кои ги отфрлила општествената заедница, прочитајте ја првата глава во Евангелието според Марко.

Сакате ли да дознаете како се однесува Бог кон децата, кон жените, даночниците, блудниците и грешниците слични на сите нас? Тогаш погледнете го Исуса и самите ќе ја дознаете вистината за Бога како што го откриваат четирите евангелија: Евангелието според Матеј, Марко, Лука и Јован. Навистина, од сите пораки на Библијата најзначајна е пораката за Исуса. Запознајте се со Библијата.

Сакате ли да дознате како се однесува Бог кон оние кои се откажуваат од него, кои го предаваат, кои дури и го отфрлаат? Тогаш погледнете го Исуса во онаа ноќ, непосредно пред неговата смрт, додека свирепата толпа насилно се нафрла врз него во напуштената Гетсиманска градина. Од чело на толпата се изделува Јуда, предавникот со загубени чувства - до тогаш еден од најблиските Исусови следбеници. И додека Јуда го целива Исуса со лажен бакнеж, Исус гледа директно во студените очи на својот предавник. Знаете ли како Исус гоословил во тој миг? Во Евангелието според Матеј 26,47-50 пишува:

„Додека Тој уште зборуваше, ете, Јуда, еден од дванасеттемина, дојде со голема толпа, со мечеви и тојаги, испратени од првосвештениците и народните старешини. А неговиот предавник се беше договорил за знакот, велејќи: 'Оној кого ќе го бакнам - Тој е, фатете го!' И веднаш се приближи до Исуса и рече: 'Биди поздравен, Учителе!' И срдечно го бакна. А Исус му рече: 'Пријателе, зошто дојде!' Тогаш пристапија, ставија раце врз Исуса и го фатија."



Сакате ли да дознате како се однесува Бог кон оние кои се откажуваат од него, кои го предаваат и кои дури му ставаат трнов венец на главата?

Исус Јуда го нарекол пријател. Ова треба да се запамети. Дури и кога ќе го отфрлиме, Бог сè уште копнее за нашето пријателство, зашто „Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син" (Јован 3,16). Да, Бог не е Некој од кого треба да се плашиме. Тој е Некој со кого треба да бидеме пријатели. Тој не е Некој од кого мораме да бегаме. Тој е Некој кај кого треба да најдеме засолниште.

## Не бегајте од погрешно лице!

Во печатот на источниот дел од Соединетите Американски Држави е објавен интересен настан. Станува збор за жена која доцна една вечер возела на запуштениот дел од меѓудржавниот автопат. Нејзината сонливост била прекината од светлата на еден голем камион кој сè повеќе ѝ се приближувал. Слично на безброј возачи на камиони, и овој возел ноќе по автопатот. Кога се приближил до задниот дел на нејзиниот автомобил, почнал да ја претекува оваа осамена жена среде ноќта на американскиот автопат.

Одненадеж, кога предниот дел од џинот веќе го досегнал нејзиниот прозорец, без видлива причина се слушнало чкрипење на воздушните кочници и тешкиот камион повторно се нашол прилепен зад задниот дел на автомобилот, упатувајќи заслепувачки сноп на светлина во внатрешноста на автомобилот.

Помислувајќи дека возачот на камионот се премислил и дека сака да вози малку побавно, жената решила да ја зголеми брзината. Силната бука на големиот камион, кој повторно јурел по автомобилот, кај неа предизвикала неугоден страв. Си помислила дека вози премногу бргу и дека треба да ја намали брзината за да му овозможи на возачот на камионот слободно претекување; но, според рикот на воздушните кочници на камионот, панично заклучила дека и нејзиниот „прогонувач“ исто така нагло ја намалил брзината на камионот, останувајќи и понатаму прилепен зад нејзиниот автомобил.

Избезумена, оваа жена размислувала како да побегне од камионот што ја прогонувал. Забележувајќи одненадеж излез од автопатот и осветлена бензиска пумпа, таа нагло свртела од главната и прометна улица во сигурноста на светлината на бензинската пумпа која уште била отворена. Меѓутоа, истото го сторил и возачот на камионот.

Жената нагло го запрела своето возило, излегла од него и почнала да повикува на помош. Едновремено и големиот камион нагло закочил и се запрел веднаш зад нејзиниот автомобил. Тогаш возачот на камионот бргу скокнал, излегол од кабината и, отворајќи ја задната врата на автомобилот на жената, со своите силни раце од внатрешноста извлекол човек кој се криел зад предните седишта.

Во текот на ноќта непознатиот напаѓач се вовлекол во автомобилот на оваа жена и чекал можност да изврши злосторство над оваа немоќна жртва. Меѓутоа, во мигот на претекувањето, возачот на камионот од своето високо седиште го забележал скриениот злосторник и решил

да ѝ го спаси животот на жената. Не знаејќи за што станува збор, жената бегала од погрешно лице. Оној, кој навидум ја прогонувал, бил единственото лице кое можело да ја спаси.

Дали е можно на прагот на новиот милениум, на прагот на вечноста, слично на оваа несреќна жена, денешното поколение на Титаник да бега од Оној кој единствено може да нè спаси? Бегате ли и вие денеска? Бегате ли од погрешно лице? Бегаме ли од единственото Лице кое може да нè спаси? Бог не е Некој од кого мораме да бегаме, туку Некој кај кого треба да дојдеме. Тој не е Некој од кого треба да се плашиме. Со него треба да се спријателиме. Бог вели: „Јас знам какви намери имам за вас; намери за мир, а не за несреќа: да ви дадам иднина и надеж" (Еремија 29,11). Можете ли, покрај едно вакво ветување, да ми понудите каква било причина поради која не би сакале да го прифатите неговото пријателство?

Томе Трајков, теолог

---

Издава: **АИК „Знаци на времето", ул. Влае 42 - 1001 Скопје**
За издавачот: **Михајло Гурев**
Одговара: **авторот**

**ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА**
Бесплатен курс за проучување на Библијата по дописен пат




**SMS**

Лекциите можете да ги порачате и преку SMS!
**Како? Лесно!** Вашите податоци (име, презиме и адреса) + кратенката **DBS** (за Дописна Библиска Школа), испратете ги како SMS порака на тел.: **071/569 076**

**ПОРАЧКА**

Име и презиме

Адреса и пошт. број

Ако сакате да ги порачате првите лекции по пошта, ставете ја порачкава во плик и пратете ја на адреса: **„Дописна Библиска Школа", поштенски фах 215 - 1001 Скопје**